ПРАВА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ



ИНФОРМАТИВНА БРОШУРА
СЕПТЕМВРИ 2021

НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ

ИНФОРМАТИВНА БРОШУРА ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Преку оваа брошура лицата со попреченост и останатите ќе се запознаат со правата и одговорностите на лицата кои произлегуваат од Меѓународниот договор за правата на лицата со попреченост и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Брошурата има информативен карактер и целта е на лесен и разбирлив јазик да се прикажат правата на лицата со попреченост и истата да биде лесно разбрана и применлива од страна на поголем број на лица со попреченост во нашето општество, особено за лицата со попреченост во руралните средини.

Вовед

Брошурата е изработена во рамки на проектот From Disability to Foodability кој го спроведува Националната Федерација на Фармери во периодот од јули 2019 до декември 2021 год. со поддршка на шведската организација за развој We Effect и Radiohjalpen. Како надворешна екпертиза на полето на лица со попреченост во овој проект е вклучен Институтот за специјална едукација и рехабилитација при Филозофскиот факултет во Скопје.

Проектот има за цел да придонесе кон подобрување на состојбата на лицата со попреченост –децата и возрасни со интелектуална и физичка попреченост и нивните семејства кои живеат во руралните области. Предвидените проектни активности имаат за цел економско и социјално зајакнување на лицата со попреченост и нивните семејства во руралните области преку прилагодување во начинот на производство на храна како што се пластеници и градините за производство на зеленчук како и инфраструктурни интервенции на терен.

Проектот примарно опфаќа семејства на лица со попреченост кои живеат во рурални средини кои се дел од членството на НФФ како и лица со попреченост кои се идентификувани од страна на Институтот за спрецијална едукација и рехабилитација во неколку општини во РСМ: Свети Николе, Велес, Ресен, Гостивар, Кочани, Неготино, Струмица, Тетово, Македонски Брод и Скопје. Предвидените активности ќе ги поттикнат семејствата да ги развијат знаењата и вештините во однос на своите основни права со цел пред носителите на националните политики да бидат во можност да лобираат за:

1.ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

2.ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНО НИВО

3.ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ НА НАЦИОНАЛНА НИВО ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

МЕЃУНАРОДЕН ДОГОВОР ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ
КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ
НА ЛЕСЕН И РАЗБИРЛИВ НАЧИН

МОИТЕ ОПШТИ ПРАВА СЕ :

- *Јас имам право слободно да изберам.*
- *Никој нема право да ме дискриминира.*
- *Јас имам право да бидам вклучен во општеството како и сите други.*
- *Јас како лице со попреченост треба да бидам почитуван поради тоа што сум.*
- *Јас имам право на еднакви можности.*
- *Јас имам право на еднаков пристап.*
- *Мажите и жените треба да имаат еднакви можности.*
- *Децата со попреченост треба да се почитуваат за тоа кои се тие, уште од мали.*


ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИ МОЈАТА ДРЖАВА?

МОЈАТА ДРЖАВА ТРЕБА ДА ОБЕЗБЕДИ ЈАС КАКО ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ ДА СУМ ЕДНАКОВ/КВА СО ДРУГИТЕ.

МОЈАТА ДРЖАВА ЗНАЕ ДЕКА ТРЕБА ДА :

- *Направи се никој да не ги дискриминира лицата со попреченост.*
- *Да обезбеди и даде пристапни информации на лицата со попреченост за да ги остварат нивните права.*
- *Да донесе закони кои ќе бидат праведни за лицата со попреченост. Исто така, да измени закони за да бидат поправедни за лицата со попреченост.*
- *Мојата држава ќе овозможи јас како лице со попреченост да бидам вклучен во донесување на одлуки за сите политики еднакво како и сите останати.*
- *Мојата држава со рафитикацијата на Конвенцијата, вети дека ќе направи сè да обезбеди јас како лице со попреченост и сите други лица со попреченост да имаат пристап до домување, образование, вработување, здравствена грижа и сите останати права.*
- *Мојата држава ќе користи нови технологии кои ќе им помагаат на лицата со попреченост.*
- *Мојата држава ќе обезбеди дека работите кои се лесно направени можат да се менуваат или користат од страна на сите лица со попреченост.*
- *Мојата држава ќе организира обука за овој договор за сите засегнати страни.*

ЈАС ИМАМ ПРАВА



1. ЈАС ИМАМ ПРАВО ДА БИДАМ ЕДНАКОВ СО ДРУГИТЕ

Мојата држава знае дека секој е еднаков пред законот и дека дискриминацијата врз лицата со попреченост нема да се дозволи.

2. ЈАС КАКО ЖЕНА И ДЕВОЈКА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ИМАМ ПРАВО ДА СУМ ЕДНАКВА СО ДРУГИТЕ

Мојата држават знае дека јас како жена и девојка со попреченост не сум еднаква со другите граѓанки на многу начини.
Мојата држава ќе направи сè жените и девојките како мене да имаат исполнет, слободен и еднаков живот како и другите.

3. ЈАС КАКО ДЕТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ ИМАМ ПРАВО ДА СУМ ЕДНАКОВ/КВА СО ДРУГИТЕ

Мојата држава знае дека јас како дете со попреченост ги имам истите права еднакво како и другите деца.

4. ЈАС ИМАМ ПРАВО ДА ГО КАЖАМ МОЕТО МИСЛЕЊЕ, ДА БИДАМ СЛУШНАТ И ИМАМ ПРАВО ДА ДОБИЈАМ ПОДДРШКА.

Мојата државата треба секогаш да презема мерки и ни, вклучително и кај медиумите за правилното известување, а исто така и да ги учат сите деца за еднаквите права на лицата со попреченост.

5. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ПРИСТАП ДО СИТЕ УСЛУГИ ВО СИТЕ ОБЛАСТИ ОД ЖИВОТОТ

Мојата држава е должна да ми овозможи на мене како лице со попреченост како и на останатите лица со

попреченост подобар пристап до сите области во животот како пристап до јавните згради, болници, училишта, превоз, подобар пристап до информации, вработување и слично.

Јас како лице со попреченост имам право на пристап до нови технологии. Исто така, мојата држава треба да обезбеди повеќе знаци лесни за читање, повеќе водичи и толкувачи на знаковен јазик, брајово писмо, особено во јавните згради и институции.

Треба да има насоки за тоа како да се направи подобар пристап до јавните сервиси, а секоја организација или институција што дава сервиси треба да планира добар и лесен пристап за лицата со попреченост.

Важно е да се одржува обука за остварување на правото на пристап.

6. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ЖИВОТ

Секој има право на живот, вклучувајќи ме и мене како лице со попреченост.

Мојата држава треба да овозможи јас како лице со попреченост и другите лица со попреченост да имаат исти можности да го живеат својот живот.

7. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ЗАШТИТА ВО ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ

Кога има пожар, земјотрес, поплава или некоја друга непогода или опасна ситуација, мојата држава треба да обезбеди правилна заштита за мене како лице со попреченост и за сите други лица со попреченост.

8. ЈАС ИМАМ ПРАВО ДА БИДАМ ЕДНАКОВ ПРЕД ЗАКОНОТ

Јас како лице со попреченост треба да сум почитуван како и сите други лица. Исто така, јас како лице со попреченост имам право да бидам еднаков и почитуван пред законот, да носам свои одлуки.

Ако ми треба помош, јас како лице со попреченост, имам право да добијам поддршка при носење на одлуки. Ако на мене или на некое друго лице со попреченост му треба некој да зборува во нејзино/негово име, треба да има правила за тоа како се прави.

Јас како лице со попреченост имам еднакви права да имам свој имот и/или да ми се даде имот. Исто така, јас имам право да управувам со моите пари, да позајмам пари на други и слично. Никој нема право на мене како лице на попреченост да ми го одземе домот или парите.

9. ЈАС ИМАМ ПРАВО ДА ДОБИЈАМ ПРАВДА И ДА ИМАМ ПРИСТАП ДО ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ПРАВДА

Јас како лице со попреченост ги имам истите права на суд како и останатите граѓани. Јас можам да тужам некого доколку тој/ таа ги повредил моите права. Јас имам право да учествувам во судскиот процес како и сите останати лица.

Јас како лице со попреченост имам право на поддршка за да ги остварам моите права.

Мојата држава треба да обезбеди посебни обуки за судовите, полицијата и вработените во затворите.

10. ЈАС ИМАМ ПРАВО ДА БИДАМ СЛОБОДЕН И БЕЗБЕДЕН

Јас како лице со попреченост имам право да бидам слободен и безбеден, како и сите други.

Јас како лице со попреченост не треба да бидам лишен од слобода само затоа што сум со попреченост, туку само ако сум го прекршил законот. Ако некое лице со попреченост е лишено од слобода, кон тоа лице треба да се однесуваат како што кажува овој документ. Лицата со попреченост ги имаат истите права како и сите други.

Јас како лице го попреченост имам право да добијам пристапни инфомации за моите права.

Јас како лице со попреченост имам право на пристап до помош и поддршка за да добијам праведно судење на суд.

Јас како лице со попреченост имам право мојот случај да се разгледува околку често како и на останатите лица.

11. ЈАС ИМАМ ПРАВО ДА НЕ БИДАМ ИЗМАЧУВАН ИЛИ КОН МЕНЕ СУРОВО ДА СЕ ОДНЕСУВААТ

Јас како лице со попреченост не смеам да бидам измачуван или кон мене да се однесуваат сурово.

На мене како лице со попреченост никој не смее да експериментира, освен ако јас не дадам согласност за тоа. Мојата држава мора да преземе сè што може за вакви работи да не се случуваат.

12. ЈАС ИМАМ ПРАВО ДА НЕ БИДАМ ИСКОРИСТЕН ИЛИ ЗЛОУПОТРЕБУВАН

Јас како лице со попреченост имам право да бидам заштитен во мојот дом и надвор од него, од насилство, да не бидам искористуван и злоупотребуван. Мојата држава мора да направи закони и правила дека јас како лице со попреченост ќе бидам заштитен и моите права ќе бидат заштитени.

Јас како лице со попреченост имам право да добијам обука за тоа како да препознаам злоупотреба и како да пријавам. Мојата држава мора да направи да се спречат злоупотребите на мене како на лице со попреченост и на остатите лица со попреченост. Јас имам право да добијам поддршка и соодветни информации за моја заштита.

Јас имам право да користам сервис кој ќе ме поддржува мене, а мојата држава треба да се осигура дека сервисите кои ги користам се правилно проверени, сигурни и дека во нив не се случува никаква злоупотреба.

Во случај, јас или некое друго лице со попреченост е злоупотребувано, мојата државата треба да обезбеди дека јас или лицето со попреченост кое било злоупотребувано ќе ја добиеме помошта и поддршката што ни е потребна за да се опоравиме од злоупотребата.

Мојата државата треба да биде сигурна дека ќе ги открие злоупотребите и дека виновниците ќе одат на суд.

Мојата држава посебно ќе се грижи да нема злоупотребата на жените и децата со попреченост.

13. ЈАС ИМАМ ПРАВО ДА БИДАМ ТРЕТИРАН КАКО СИТЕ ОСТАНАТИ ЛУЃЕ

Јас како лице со попреченост имам право да бидам почитувам и кон мене да се однесуваат сите останати достоинствено и со почит кон мене и моите права.

14. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ

Јас како лице со попреченост имам право да се движам слободно како и останатите граѓани.

Јас како лице со попреченост имам право да живеам во држава, да имам лични документи како лична карта и пасош и да не ми ги земат само поради тоа што сум лице со попреченост.

Јас како лице со попреченост сум слободен да патувам каде сакам во и надвор од мојата држава.

Сите деца со попреченост имаат право на свое име од раѓање, право да бидат граѓани, и ако е можно, право да ги познаваат и за нив да се грижат нивните родители.

15. ЈАС ИМАМ ПРАВО САМОСТОЈНО ДА ЖИВЕАМ И ДА БИДАМ ДЕЛ ОД ЗАЕДНИЦАТА

Јас како лице со попреченост имам право да ги имам истите избори како и сите други за тоа како ќе живеам и од која заедница ќе бидам.

Мојата држава треба да се осигура дека јас како лице со попреченост и останатите лица со попреченост можат да избираат:

- Каде да живеат, како и сите други.
- Со кого да живеат, како и сите други.
- Да не живеат во посебни места, ако не сакаат.

Јас имам право на различни сервисни служби за поддршка вклучувајќи и персонална асистенција и различни квалитетни сервиси и услуги, кои и другите луѓе ги бираат и добиваат.

16. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ДВИЖЕЊЕ НАОКОЛУ

Јас како лице со попреченост имам право да се движам самостојно што е можно повеќе.

Мојата држава треба да се осигура дека јас како лице со попреченост и остатите лица со попреченост можат да :

- Добијат помош да се движат наоколу.
- Да им се помогне на лицата да добијат добри помагала за да се движат наоколу.

- Се осигура дека тие помагала не се многу скапи.
- Ги научат лицата со попреченост како да се движат наоколу.
- Им кажат на компаниите кои прават помагала да размислат за сите различни потреби на лицата со попреченост.

17. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА СЛОБОДНО ДА СЕ ИЗРАЗАМ И КАЖАМ ШТО МИСЛАМ, А ИСТО ТАКА ИМАМ ПРАВО НА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

Јас како лице со попреченост имам право да барам, да давам информации и да кажувам што сакам, исто како и сите други. Тоа значи дека :

- Мојата држава треба да се осигура дека јас и останатите лица со попреченост имаме право.
- Дека сите информации се лесни за читање и разбирање на јазикот на кој јас и останатите лица за попреченост го разбираме (знаковен јазик, Брајово писмо и други начини на информирање)
- Сите сервиси да имаат пристапни информации.
- Интернетот и останатите медиуми да обезбедат пристапни информации.
- Мојата држава треба да ја поддржи употребата на знаковниот јазик.

18. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ

Јас како лице со попреченост имам право на приватен живот и никој не треба да ми се меша во тоа или да се обиде да го спречи.

Јас како лице со попреченост имам право моите лични информации да бидат доверливи, тајни и приватни исто како и другите.

19. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ПОЧИТ ЗА МОЈОТ ДОМ И МОЕТО СЕМЕЈСТВОТО

Јас како лице со попреченост имам еднакво право на брак, семејство и лични врски.

Мојата државите мора да се осигура дека:

- Јас како лице со попреченост и останатите лица со попреченост имаме еднакви права да се венчаме, да запознеме семејство, доколку за тоа донесеме своја одлука.
- Јас како лице со попреченост и останатите лица со попреченост имаме еднакви права да одлучиме колку деца сакаме да имаме и кога да ги имаме.
- Јас како лице со попреченост и останатите лица со попреченост имаме право да не бидеме стерилизирани против нашата волја.
- Јас како лице со попреченост и останатите лица со попреченост имаме право да го планираме своето семејство и да добиваме информации кои ќе ни помогнат да одлучиме за овие работи.
- Јас како лице со попреченост и останатите лица со попреченост имаме право да добиеме поддршка и помош во одгледувањето на нашите деца.
- Децата со попреченост не смеат да бидат одделени од нивните родители само поради што нивните родители се со попреченост. Децата ги имаат истите права како и останатите деца и тие треба да останат со нивното семејство. Мојата државата мора се се осигура дека децата со попреченост ќе бидат заштитени и безбедни за нивниот најдобар интерес, освен кога законот вели спротивно.

20. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ

Јас како лице со попреченост имам право на образование.

Мојата држава треба да обезбеди јас и останатите лица со попреченост да имаме можност да одиме во редовни училишта и да учиме за да можеме да :

- Ги развиеме своите вештини и способности и да го имаме своето место во светот.
- Не бидеме исклучени од какво било образование.
- Да бидеме вклучени во добри училишта во нашата околина , и да не плаќаме за тоа , како останатите.

- Моите потреби како лице со попреченост да се задоволени што е можно повеќе.
- Јас како лице со попреченост треба ја добијам потребната поддршка за да учам на јазик и комуникација која ја разбирам како Брајово писмо, знаковен јазик за глувите деца и други начини да го добијам вистинското образование и поддршка за учење.
- Моите наставници да ги имаат вистинските вештини.
- Мојата држава ќе озвоможи вистинската поддршка за лицата со попреченост да го продолжат своето образование како возрасни, ако тоа го сакаат.

21. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

Јас како лице со попреченост имам право на добро здравје и пристап до здравствени услуги вклучувајќи и планирање на семејство.

Мојата држава ќе ми овозможи да го остварам :

- Право да имам пристап до истите здравствени услуги како и останатите.
- Право да добивам здравствените услуги што ми се потребни поради мојата попреченост.
- Право услугите и сервисите да бидат во близина на моето живеење.
- Право здравствените работници да ми ги даваат истите услуги на мене како на лице со попреченост, како и за другите.
- Право да не бидам дискриминиран во здравственото и животното осигурување.
- Право да не бидам одбиен за грижа или третман бидејќи сум лице со попреченост.

22. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА СОЦИЈАЛНИ СЕРВИСИ КОИ ЌЕ ЈА ПОДОБРАТ МОЈАТА СОСТОЈБАТА

Јас како лице со попреченост имам право и можам да водам што е можно посамостоен и поздрав живот и мојата држава ќе ми обезбеди поддршка во здравствени, образовни, социјални сервиси и ќе ми помогне да најдам работа.

Јас како лице со попреченост и останатите лица со попреченост имаме право уште од најрана возраст да добиеме поддршката и сервиси што ни се потребни што е можно поблиску до нашите домови.

Мојата држава ќе ги земе предвид моите потреби, како лице со попреченост.

Вработените ќе бидат обучени добро да работат, а мојата држава ќе обезбеди помагала и опрема која е направена за јас како лице со попреченост да ја добијам поддршката која ми треба.

23. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА

Јас како лице со попреченост и останатите лица со попреченост имаме право на работа и вработување исто како и сите други.

Мојата државите ќе прави повеќе за мене како лице со попреченост да добијам работа и тоа :

- Да донесе закони со кои лицата со попреченост на работа ќе се еднакви со другите.
- Да осигура дека лицата со попреченост имаат еднакви права за работа, правила и плата.
- Да им овозможи на лицата со попреченост да имаат право да се вклучат во синдикат исто како и сите други.
- Да им овозможи на лицата со попреченост да одат на работни програми и обука за работа.
- Да им помогне на лицата со попреченост да најдат и да задржат работно место, како и да добиваат подобри работни места.
- Да им помага на лицата со попреченост да започнуваат свои бизниси.
- Да им овозможи на лицата со попреченост можности да се вработат во владата и на места како совети и болници.
- Да им помогне на компаниите да вработуваат лица со попреченост.
- Да осигура дека лицата со попреченост имаат соодветни места за работа.
- Да им овозможи на лицата со попреченост да може прво да ја пробаат работата.
- Да им помогне на лицата со попреченост да се вратат на работа.

- Државите мора да обезбедат дека лицата со попреченост не се присилени на работа за која нема плата.

24. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ДОБАР СТАНДАРД НА ЖИВЕЕЊЕ

Јас како лице со попреченост имам еднакво право на добар стандард на живеење за мене и моето семејство како што е дом, чиста вода, облека и храна.

Во случај да не е така, јас како лице со попреченост имам право да добијам помош за го подобрам мојот стандард на живеење исто како и сите други.

Мојата држава треба да се осигура дека :

- Јас како лице со попреченост имам право на услуги и помагала за мојата попреченост, по цена која можам да ја платам, а особено девојките и жените и постарите лица со попреченост, треба да добиваат помош за да имаат добар стандард на живеење.
- Секое лице со попреченост кое е сиромашно добива помош од државата за трошоците за неговата/нејзината попреченоста.
- Јас како лице со попреченост имам право до пристап до јавните програми за домување.
- Јас како лице со попреченост имам право на исти шанси за пензија како и сите други.

25. ЈАС ИМАМ ПРАВО ДА ГЛАСАМ И ДА УЧЕСТВУВАМ ВО ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

Јас имам право на глас.

Јас како лице со попреченост имам право да учествувам во политиката како и сите други.

Мојата држава треба да обезбеди дека гласањето е лесно и разбирливо и дека гласањето е тајно.

Во случај ако ми треба помош и поддршка, мојата држава треба да ми го озбезбеди тоа, да гласам како сакам.

Јас како лице со попреченост имам право да бидам вклучен во невладини организации и политички партии и исто така имам прао да се приклучам во организации за лица со попреченост.

Јас како лице со попреченост имам право да бидам избиран доколку се кандидирам за одредена позиција или улога.

26. ЈАС ИМАМ ПРАВО ДА СПОРТУВАМ И ДА СЕ РЕКРЕИРАМ

Јас како лице со попреченост имам право да учествувам во спортови и рекреација како и сите други.

Мојата држава треба да ги обезбеди сите работи како книги, телевизија, филмови, театри, музеи да бидат пристапни според моите потреби и состојба.

Мојата држава треба да обезбеди можности да бидам уметник.

Спортските и рекреативните места да се пристапни за сите како и за децата со попреченост.

Мојата држава мора да се осигура дека овие работи се така како што се за сите и дека се почитуваат.

Јас како лице со попреченост имам право на поддршка за учество во спортски и рекреативни активности.

27. ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ТОЧНИ И ИНФОРМАЦИИ

Јас како лице со попреченост имам право да добијам точни информации за моите права во овој документ.

Моите лични податоци се доверливи и приватни.

Мојата државата мора да се осигура дека јас имам приспап до сите информации како и сите други.

I. КАКО ДА ГИ ОСТВАРАМ МОИТЕ ПРАВА?

ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ЛИЧНИ ДОКУМЕНТИ (ЛИЧНА КАРТА/ ПАСОШ)

ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА : ПОДРАЧНА КАНЦЕЛАРИЈА НА МВР ВО ГРАДОТ ВО КОЈ ЖИВЕАМ

- За да добиеш личен документ потребно е телефонско закажување преку бесплатниот телефонски број 0800 192 92 (само од фиксен телефон);
- Секој граѓанин со наполнети 18 години возраст е должен да има лична карта.
- За да добиете лична карта, мора да имате пријавено живеалиште.
- Лична карта може да му се издаде на граѓанинот со наполнети 15 години живот по лично барање, по претходна согласност од родителите, законскиот застапник или старателот.
- Лична карта можете да добиете во подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во подрачјето каде што имате живеалиште.
- За да ја добиете првата лична карта треба да пополните и да поднесете барање кое може да го добиете бесплатно во подрачната единица на Министерството за внатрешни работи. Потребно е да се поднесе: Ваш извод од матичната книга на родените; (Се прибавува по службена дожност); Лична карта на еден од родителите на увид; да платите за образецот за личната карта-паричен износ од 190 денари. Кога ќе го поднесувате барањето службениците ќе ви земат отпечатоци од два прста и ќе ве фотографира
- Рокот на важење на личната карта зависи од вашата возраст. Ако сте на возраст до 27 години-рокот на важење е 5 години; над 27 години-рокот на важење е 10 години.
- Личната карта ќе ви ја издаде подрачната единица на Министерството за внатрешни работи каде што сте го поднеле барањето во рок од 15 дена по поднесување на барањето.
- КОГА: Личната карта треба да ја замените : Ако на личната карта и истекува рокот на важење (Треба да поднесете барање за замена на личната карта најдоцна 30 дена пред датумот на кој и истекува рокот на важење); Ако го промените местото на живеење (живеалиштето или адресата на станот во живеалиштетето); Ако го промените личното име; (Од управата за водење на матични книги ќе се прибавуваат преписи заради точни податоци); Ако личната карта Ви е оштетена или дотраена (службеното лице на Министерството за внатрешни работи кое е овластено да побара да му ја покажете личната карта може да ве упати да поднесете барање за замена на таква лична карта во рок од 15 дена).
- КАКО: За да ја замените личната карта во горенаведените случаи, треба да поднесете барање за замена на личната карта; доказ за извршената промена (истечената лична карта, оштетената или дотраената лична карта, доказ за промена на местото на живеење, доказ за промена на личното име); да платите за образецот за личната карта паричен износ од 190 денари.
- КАДЕ: Во органот на Министерството за внатрешни работи кој ја издал личната карта, ако во меѓувреме не сте го промениле местото на живеење.
- ВАЖНО: Министерството за внатрешни работи ќе Ви издаде нова лична карта во рок од 15 дена од денот кога сте поднеле барање за замена на личната карта. Кога ќе ја подигнете новата лична карта, мора да ја предадете старата во Министерството за внатрешни работи, за поништување.

ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА ПОДРАЧНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ФЗО ВО ГРАДОТ ВО КОЈ ЖИВЕАМ

- Ако си државјанин на Република Македонија и ако си здравствено осигурено лице имаш право на здравствена заштита односно имаш право да избереш матичен лекар.
- Секој државјанин на РМ има право на здравствената заштита без да биде дискриминиран по однос на раса, пол, старост, национална припадност, социјално потекло, вероисповед, политичко или друго убедување, имотна состојба, култура, јазик, вид на болест, психички или телесен инвалидитет.
- ИМАШ ПРАВО НА ТВОЈ МАТИЧЕН ЛЕКАР : Матичниот лекар е должен на осигуреното лице да му укажува здравствени услуги од примарната здравствена зашита и да го следи неговото здравје. Прегледи кој ги врши матичниот лекар се : прегледи по барање на осигуреното лице кои ги врши избраниот лекар според медицински индикации и опфаќаат лекарски физикален преглед, анализа на претходна здравствена состојба, упатување на потребни дијагностички постапки, упатување на специјалистички преглед, дијагностицирање, соодветно лекување и ако е потребно упатување на болничко лекување, пропишување на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ.
- ИМАШ ПРАВО НА ТВОЈ МАТИЧЕН ГИНЕКОЛОГ: Матичниот гинеколог е должен да укажува гинеколошко – акушерски здравствени услуги и да го следи репродуктивното здравје на жената. Прегледи кој ги врши матичниот гинеколог се : превентивни прегледи, ЕХО прегледи, ПАП тест, упатување на дијагностички прегледи, го води породувањето, кога не е неопходно породувањето да се врши во болнички установи и доколку има услови за тоа презема мерки и активности за рано откривање на заболувањата кај жените меѓу кои спаѓаат и здравствените услуги со ЕХО преглед, ја следи бременоста и дава совети во врска со бременоста и контрацепцијата
- ИМАШ ПРАВО НА ТВОЈ МАТИЧЕН СТОМАТОЛОГ : Матичниот стоматолог е должен да укажува стоматолошки здравствеани услуги и да го следи оралното здравје на своите пациенти. Прегледи кај избраниот стоматолог се превенција, лекување и санирање на болестите на устата и забите.
- Прегледот кај избраниот (матичниот) лекар е бесплатен.
- Доколку избраниот лекар врши помошни дијагностички прегледи со ЕКГ, ЕХО или други апарати, здравствените услуги не се сметаат како посебни здравствени услуги, туку како здравствени услуги на избраниот лекар, и истите не треба да се наплаќаат за осигурени лица. Во сите други ситуации осигурените лица кај матичните лекари плаќаат партиципација за која здравствената установа треба да им издаде фискална сметка.
- Осигурениците при користење на здравствените услуги и лекови плаќаат само делумно учество со лични средства во висина најмногу до 20% од просечниот износ на вкупните трошоци на здравствената услуга или лек. Ова значи дека доколку еден лек од позитивната листа на лекови во приватна продажба чини 100 денари, осигуреникот истиот лек со рецепт од матичниот лекар ќе го чини најмногу 20 денари. Доколку лекот кој е препишан не е на позитивната листа на лекови, осигуреникот истиот го плаќа во целост (на приватно).
- За протези, ортопедски и други помагала и санитетски средства предвидено е учество на осигуреникот до 50% од утврдената цена на помагалата и средствата.
- Од плаќање на партиципација кај матичен лекар се ослободени следните категории на лица: лекарски преглед

кај избраниот матичен и итна медицинска помош на повик, деца со посебни потреби, корисници на постојана парична помош, лица сместени во установи за социјална заштита и други семејства, освен за лековите од позитивната листа на лекови и лекувањето во странство, осигуреници кои платиле износ повисок од 70% од просечната плата во РМ во претходната година, освен за лековите и лекување во странство, лица до 18 години кои имаат потреба од определени ортопедски помагала лица опфатени со програмите на Владата.

- Правото на здравствемо осигурување се докажува со здравствена легитимација и потврда за платен придонес. Здравствената легитимација може да се користи само со лична карта, односно ученичка книшка или индекс со кои се докажува идентитетот на осигуреното лице. Децата до два месеци возраст здравствена заштита можат да користат и врз основа на здравствена легитимација на еден од родителите.
- Придонесите за здравствеано осигурување ги води подрачната служба на Фондот за здравствено осигурување, според местото на живеење, односно работа на осигуреникот, ако обврзникот редовно го уплатува придонесот за здравствено осигурување или со задоцнување од најмногу 60 дена сметано од истекот на последниот ден од месецот за кој се плаќа придонесот.
- Правата од задолжителното здравствено осигурување може да ги оствари само лице на кое му е утврдено својство на осигуреник, односно осигурено лице.
- Својството на осигуреник и осигурено лице се утврдува врз основа на пријава за здравствено осигурување (Образец ЗО-1) што ја поднесува обврзникот за пресметка и уплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување, односно лицето кое бара утврдување на својство на осигуреник, односно осигурено лице.
- Пријавата за здравствено осигурување се поднесува до Подрачната служба на Фондот во рок од осум дена од денот на засновањето на работниот однос, односно од денот на стекнувањето на својство на осигурено лице врз основа на кое е должен да поднесе пријава за задолжително здравствено осигурување.

ЈАС ИМАМ ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ СПОРЕД МОИТЕ ПОТРЕБИ

ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА: ОСНОВНОТО И/ИЛИ СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ВО МОЈАТА ОКОЛИНА ВО КОЈА ЖИВЕАМ И ОПШТИНАТА ВО КОЈА ЖИВЕАМ

- Во училиште каде го остваруваш твоето право на образование никој не смее да те навредува, насилно да се однесува кон тебе, да те исклучува или со други зборови да те дискриминира.
- Наставникот и останатите вработени лица во училиштето треба да се осигураат дека ти во целост го остваруваш правото на образование без дискиминација.
- Училиштето треба да ја прилагоди програмата на твоите потреби.
- Инфраструктурата, наставниот план и програма во основното образование и целиот образовен процес треба да се променат и приспособат за учениците со попреченост, на начин што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување на училиштето.
- Исто така, треба да се преземат мерки за учениците со попреченост да имаат еднаков пристап како сите ученици до училишната зграда и училниците, транспортот, информациите, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи во училиштето.

- Училиштето може да обезбеди и поддршка на учењето за учениците со попреченост во вид на: образовен асистент, личен асистент, соодветна стручна поддршка од центар за поддршка на учењето, инклузивен тим и асистивна технологија.
- Образовните и личните асистенти се вработуваат на определено време од страна на училиштата со ресурсен центар. Во случај, кога на ниво на општината нема основно училиште со ресурсен центар или со центар за поддршка, оваа поддршка треба да се обезбеди од најблиското основно училиште со ресурсен центар или со центар за поддршка од најблиската општина.

ЈАС ИМАМ ПРАВО НА РАБОТА И НА ВРАБОТУВАЊЕ СПОРЕД МОИТЕ ЗНАЕЊЕ, ВЕШТИНИ И СОСТОЈБА

ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА: ПОДРАЧНАТА СЛУЖБА НА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ГРАДОТ ВО КОЈ ЖИВЕАМ

- Работодавачот не смее да ти го откаже договорот за вработување кога работиш со скратено работно време поради грижа за дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби.
- Како родител на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби, имаш право да работиш со половина од полното работно време за што ти следува плата како да работиш со полно работно време. Ова право можеш да го користиш ако си самохран родител или ако ти и другиот родител сте во работен однос, така што едниот родител е корисник/чка на ова право.
- Во однос на вработувањето на лицата со попреченост во приватните компании, Законот обезбедува финансиски и други бенефиции за да се охрабрат работодавачите, (но и вработените). Овие мерки вклучуваат:
- Неповратни средства (грантови) за вработување на лица со попреченост во износ од 20 просечни нето плати во претходната година, односно 40 просечни нето плати доколку лицето има од 90 до 100% оштетување на видот или користи инвалидска количка.
- Средства за адаптација на работното место до 100.000 денари (Ваквата поддршка е практична за физички прилагодувања и набавки на адаптирани столови, бироа, помошни апарати, компјутери и сл.) Овие фондови можат повторно да бидат искористени поради промени во технолошкиот процес на работодавачот или промена во попреченоста на вработениот.
- Набавка на опремата која е предмет на посебни критериуми и позаконски акти од Министерот за труд и социјална политика (Тие можат да бидат во вредност до 200 просечни нето плати, во зависност од бројот на вработените.)
- Ослободување од здравствено и пензиско осигурување за вработеното лице со попреченост. Во овој случај, средствата се обезбедени од државниот буџет.
- Ослободување од персонален данок за вработено лице со попреченост.
- Дополнително, постои можност за професионална обука на лицето со попреченост за конкретното работно место. (Условите и критериумите за овој вид поддршка може да ги побарате во подрачната служба во Агенцијата за вработување).
- Останати информации за достапни мерки поврзани со вработувањето на лицата со попреченост имате право

ги побарате и да ги добиете пред подрачната служба во Агенцијата за вработување.

ЈАС ИМАМ ПРАВО НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА МЕЃУОПШТИНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО ГРАДОТ ВО КОЈ ШТО ЖИВЕАМ И ОПШТИНАТА ВО КОЈА ЖИВЕАМ

Услуги на Информирање и на Упатување

Услуги на Стручна помош и поддршка

Услуги на советување

Услуги во домот

- **Помош и нега во домот**
- Корисници на услугата помош и нега во домот се лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица со навршени 65 години живот и други лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе.
- Лицата ја користат оваа услуга користат доколку: помошта во домот не можат да ја обезбедат нивните брачни другари, родители или деца, поради заснован работен однос, нарушена здравствена состојба и старост, немаат склучено договор за доживотна издршка, односно покренале постапка за раскинување на склучен договор за доживотна издршка.
- Оваа услуга не може да се користи од страна на лица доколку живеат во домаќинство со: лице со заснован работен однос и/или старо лице со целосно сочуван функционален капацитет.
- Ако во домаќинството живеат две или повеќе лица од став 1 на овој член, помошта во вршење инструментални активности за сите лица се обезбедува во вкупно траење до 40 часови месечно.
- Услугата помош и нега во домот се дава од страна на лиценцирани или овластени даватели на социјални услуги, односно физички лица кои вршат работа во социјална заштита како професионална дејност согласно Законот за социјалната заштита. Непосредни даватели на услугата помош и нега во домот се негователи.
- Основни активности се: одржување лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, користење тоалет и менување пелени и подлоги во случај на континенција. Инструментални активности се: поддршка при чистење, посредување за поправки, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија, користење телефон и помош во управување со буџет.
- **Лична Асистенција**
- Оваа услуга опфаќа индивидуална помош и поддршка за лица од 18 до 65-годишна возраст, со намален функционален капацитет, со цел овозможување независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка.
- Личната асистенција вклучува: помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддршка на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во заедницата и други активности од интерес на лицето, до 80 часа месечно.
- Корисници на услугата се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица.

- Оваа услуга можат да ја користат децата со попреченост, доколку вие како родители не сте во можност да им помогнете поради заснован работен однос, нарушена здравствена состојба и старост.
- Услугата лична асистенција се дава од страна на лиценцирани или овластени даватели на социјални услуги, односно физички лица кои вршат работа во социјална заштита како професионална дејност согласно Законот за социјалната заштита.

Услуги во заедницата

- **Услугата за дневен престој** опфаќа дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности.
- **Услугата за рехабилитација и реинтеграција** на лица кои се соочуваат со социјални и/или здравствени проблеми се обезбедува преку психо-социјална поддршка, терапевтска работа, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење.
- Ресоцијализација

Услуги на привремен престој

- **Услуга на привремен престој**
- **Услугата за одмена на семејна грижа** обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмена, одмор и задоволување на лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив. Оваа услуга може да се обезбеди и во домот на корисникот. Трошоците за оваа услуга се надоместени од центрите за социјална работа и се обезбедува во времетраење до 15 дена во текот на една календарска година.
- Куќа на пола пат

Услуги на вон-семејна заштита

- **Згрижување во друго семејство** (општо згрижување, специјализирано згружување, повремено згрижување, интервентно згрижување, роднинско згрижување)
- **Сместување во установа**

Сите инфромации за социјални услуги може да ги добиеш во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во местото на твоето живеалиште.

II. БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Иако сите имаме еднакви права, не секогаш можеме да ги остариме. Во случај некое од твоите права да е повредено, може да побараш да добиеш бесплатната правна помош, за да го остариш твоето право.

Тоа значи дека ти како корисник на бесплатната правна помош не ја плаќаш услугата. Бесплатната правна помош ја финансира државата на начин и под услови предвидени со Законот за бесплатна правна помош. Министерството за правда, од својот буџет, од донации и од други приходи, ја финансира бесплатната правна помош, а исто така и ја одобрува.

Секој граѓанин има право на бесплатна правна помош, доколку има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија.

I. ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Во случај да имаш потреба од правна информација или постапка за остварување на некое твое право , а се соочуваш со правни пречки за да го оствариш, можеш да добиеш примарна правна помош. Примарна правна помош значи дека тебе ќе ти биде дадена бесплатна правна информација и упатство за начинот, условите и постапката за остварување на твоето право, упатување и слично.

Примарна правна помош, исто така, значи дека ти можеш да добиеш и правен совет и правни решенија за остварување на твоето право, постапката, трошоци, за извршувањето на одлуките на постапката, запознавање со твоите права и обврски, како и со начинот на давање правна помош во судски и управни постапки.

Во таков случај, ти ќе добиеш помош при пополнување на формулари, помош при комплетирање на секундарна правна помош како и составување на претставки до Комисијата за спречување и заштита од дискиминација, до Народниот правобранител и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд.

а) Каде да се обратиш доколку имаш потреба од примарна правна помош?

Примарна правна помош даваат регистирани здруженија запишани во Регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош. Листата на здруженија се наоѓа на веб-страницата на Министерството за правда http://www.pravda.gov.mk/bpp

Исто така, овластени лица од подрачните одделенија на Министерството за правда можат да ви дадат примарна правна помош - https://www.pravda.gov.mk/podracni_odelenija како и правните клиники на правните факултети во Скопје, Штип https://www.pravda.gov.mk/clinics

б) Каде да се обратиш доколку имаш потреба од секундарна правна помош?

Ако правната помош која ти е потребна се однесува на конкретна правна работа и не си во можност финансиски да ги платиш трошоците, може да побараш бесплатна секундарна правна помош.

Таквиот вид помош се обезбедува од страна на адвокат запишан во Регистарот на адвокати за секундарна правна помош. Листата на адвокати можете да ја најдете на веб-страницата на Министерството за правда на: http://www.pravda.gov.mk/bp-advokati. Еден од условите да го оствариш правото на бесплатна секундарна помош е поврзано со твоите приходи и имотот со кој располагаш.

1. Потребно е да се поднесе барање за секундарна правна помош до подрачното одделение на Министерството за правда, каде што имаш живеалиште или престојувалиште. Таквото барање треба да се поднесе лично, преку пошта или преку овластено здружение од регистарот на здруженија. Доколку имаш потреба да поднесеш повеќе правни прашања за кои сакаш да поведеш постапка треба да пополниш и да поднесеш посебно барање за секундарна правна помош.
2. Доколку секундарната правна помош ти се одобри, тогаш тебе ќе ти биде назначен адвокат за давање секундарна правна помош. Исто така, ќе бидеш ослободен од плаќање судска такса и трошоци поврзани со постапката пред суд, ќе бидеш ослободен од плаќање административни такси, како и ќе бидеш ослободен од трошоци за вештачење.
3. Правото на бесплатна секундарна помош може да го добиеш во сите судски граѓански постапки, управни постапки и во управни спорови.
4. Правото на бесплатна секундарна правна помош ќе биде одбиено во постапки за

- Царински и даночни работи (на пр. неплаќање на персонален данок и сл.)
- Клевета и навреда (на пр. повреда да честа и угледот на социјални мрежи и сл.)

- Јавни и комунални услуги (на пр. проблем со вода, канализација и сл.)
- Имотни прашања во управна постапка (на пр. утврдување на статус на бесправен објект и сл)
- Прекршоци (пр. сообраќаен прекршок)

ВАЖНО!!

Пред да поднесеш барање за бесплатна секундарна помош, од голема важност е да се консултираш со правник или адвокат за да добиеш информација за реалните шанси за остварување на твоето право. Кога ќе се поднесе барањето потребно е да се земат предвид сите околности за успешно завршување на постапката во твоја корист. Ако нема изгледи дека твоето право ќе биде остварено, поднесеното барање за бесплатна секундарна помош ќе биде одбиено. Исто така, важно е да се напомене дека доколку не успееш во постапката која ти била одобрена бесплатна секундарна помош, трошоците за истата ќе бидат на твој товар, односно ти ќе имаш обврска да ги исплатиш.

УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИ ВО ОДНОС НА ПРИХОДИТЕ

За да оствариш правото на бесплатна правна помош, потребно е да исполниш одредени услови во однос на твоите месечни примања односно приходи.

1. Доколку живееш сам/а, твојот месечен приход не треба да го надминува износот на минималната нето-плата или 14.500,00 денари.
2. Доколку живееш во заедничко домаќинство заедно со повеќе лица, твојот месечен приход не треба да го надминува износот на минималната нето-плата, а месечниот приход на секој наредeн член од семејството не треба да го надминува износот од 20 % од минималната плата.
3. Доколку живееш во заедничко домаќинство со уште еден член, вашиот вкупен месечен приход не треба да го надминува износот од 17.400,00 денари.
4. Доколку живееш во заедничко домаќинство со уште два члена, вашиот вкупен месечен приход не треба да го надминува износот од 20.300,00 денари.

УСЛОВИ ВО ОДНОС НА ИМОТОТ

Како за твоите месечни прходи , така има определено услови во однос на имотот кој го поседуваш.

1. Ти и членовите на твоето семејство да имате во сопственост само еден едностанбен објект или стан во кој живеете.
2. Ти и членовите на твоето семејство да имате во сопственост една или повеќе физички поврзани катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 300 м2 во град Скопје или 500 м2 во општините во земјата, односно една или повеќе катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 5000 м2 во рурални средини.
3. Ти и членовите на твоето семејство да имате во сопственост само едно регистрирано моторно возило чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 1200 кубни сантиметри.

За да докажеш дека си во една од горенаведените состојби, потребно е да приложиш дополнителна документација.

Правото на бесплатна правна помош може да се добие и без утврдување на твоите приходи, во случај да :

- Си сместен/а во згрижувачко семејство, станбена единица за организирано живеење со поддршка или во установа за социјална заштита, со решение на Центар за социјална работа.
- Имаш потреба од поведување и застапување во постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство пред надлежен суд.

- Поради елементарна непогода, виша сила или други околности, кои се надвор од твоја контрола, се најдеш во финансиска состојба што те спречува самостојно да обезбедиш заштита на своите права.

III. ОСТАНАТИ ПРАВНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА

А) ПОСТАПКА ПРЕД КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Доколку како граѓанин сметаш дека си бил неправедно третиран, дека твоите права биле скратени односно дека си жртва на дискриминација, твоето искуство во вид на случај треба да го пријавиш во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, доколку дискриминацијата е сторена од државни институции, општина, и други органи и организации што имаат јавни овластувања.

Постапката пред Комисијата започнува со претставка, која во моментов може поштенски или лично да ја доставиш во седиштето на Комисијата на ул. „Даме Груев" бр. 1 во Скопје.

Претставката треба да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата.

Претставката треба да содржи податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има, и потпис на подносителот.

Комисијата за спречување и заштита од дискримијација е достапна и на социјалните медиуми како https://www.facebook.com/kszd.mk/?ref=page_internal

Б) НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Покрај Комисијата за спречување и заштита од дискиминација, претставка за заштита на твоите права може да поднесеш и до Народниот правобранител.

Постапка пред Народен правобранител е бесплатна. За поднесување на претставката не се бара строго определена форма, односно претставката може да биде во ракопис. Во канцеларијата на Народниот правобранител постои образец за поднесување претставка. Претставката се поднесува писмено (лично или по пошта) на адреса ул „Македонија" број 19 Скопје, усно со записник во просториите на Народниот правобранител, на телефонскиот број: + 389 (0) 02 3129 335 или по електронска пошта: contact@ombudsman.mk.

Народниот правобранител има и подрачни канцеларии во Тетово, Кичево, Штип, Струмица, Куманово и Битола и во случај да се поблиску до твоето место на живеење, претставка може да поднесеш и таму.

За да може Народниот правобранител да поведе постапка пред надлежните органи и организации потребно е:

- претставката да биде потпишана и да содржи лични податоци на подносителот (име и презиме, адреса, телефон и др);
- да ги содржи околностите, фактите и доказите врз кои претставката се темели (решение, одлука, жалба, заклучок, уверение, потврда, мислење и слично); во претставката треба да бидат наведени и органот, односно организацијата или службеното лице на кое се однесува претставката и актот (решение, заклучок, уверение и сл.) со кој е повредено неговото право и да биде образложено дали и какви правни средства вложил подносителот.
- Претставката да е разбирлива и јасна.

Народниот правобранител во постапувањето по претставката е обврзан да го почитува твоето право на приватност и тајност на податоците. За преземените дејствија од твоја страна или од страна на Народниот правобранител, ти како подносител на претставката не смееш да трпиш штетни последици.

Кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на подносителот на претставката или пак се направени други неправилности може: да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди; да предложи повторно да се спроведе определена постапка согласно со законот; да покрене иницијатива за поведување дисциплинска постапка против службено, односно одговорно лице и да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за покренување постапка заради утврдување казнена одговорност.

В) СУДСКА ПОСТАПКА

Можеш да поднесеш и тужба до надлежниот граѓански суд, со којашто можеш да бараш судот да утврди повреда на правото на еднаков третман, да му забрани на сторителот на дискриминација да презема дејствија, да побараш надомест на штета или да побараш пресудата да се објави во медиуми.

Судската заштита е посебен облик на правна заштита кои ја даваат судовите според посебни правила утврдени со закон. Пред судот ти има право да го претставиш својот случај, со докази, а судот ќе испита дали твото право е повредено или не. Подеднакво право да учествува во постапката има и спротивната страна. Правилата важат поднеднакво и за двете спротивставени страни.

Во Суд може да бараш заштита на секое твое право, кои мислиш дека е повредено.

Судот ќе донесе Пресуда со која ќе ја задолжи едната страна да преземе мерки со цел да ја поправи направената штета, повреда или дискриминација.

ЗАКЛУЧОК

Ти имаш најважна улога и придонес во остварување и заштита на твоите права. Твоите права се само твои. И ти имаш целосно право да ги уживаш, да се застапуваш и да се бориш да ги оствариш како и да побараш заштита, во случај да ти се повредени.

Твојот придонес е од голема важност за целото општество. Остварувањето на твоите права како сите останати граѓани ќе ја направи нашата земја поубава за живот за сите!

Биди храбар да ги оствариш твоите права! Правото на живот, правото на личен избор, право на образование, здравствена заштита и вработување се само дел од твоите права преку кои ти активно ќе учествуваш и придонесуваш кон развој на нашето општество!

Ти си еднаков како сите останати граѓани. Тоа значи дека и твоите права се еднакви како и на сите останати граѓани, без разлика каде живеат, што работат, каква е нивната состојба или слично.

Слави го Меѓународниот ден на лицата со попреченост-3ти Декември. Барај од државата, организациите и целото општество да преземат повеќе мерки и акции да го подобрат твојот статус во општеството и да го направат твојот живот поквалитетен.

Само преку подобрување на условите за остварување на твоите човекови права, ти ќе можеш во целост да ги уживаш твоите права на еднаква основа со сите и ќе можеш да придонесен кон развој на нашето општество на свој, единствен и креативен начин!



With support from

Брошурата е целосно финансирана од Шведската организација за развој We Effect и Radiohjalpen. **We Effect** и **Radiohjalpen** не се одговорни за презентираното мислење во брошурата. Авторот е одговорен за содржината.

Автори | Текст- Ива Михаловска | Дизајн - Горан Јакимовски